РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-6234/2 (2022)
25-04-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 85-тата седница одржана на 12.04.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-6234/1 од 22.06.2022 година, против лицето ///, директор на /// при ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите бидејќи пријавата е анонимна.

Предметот со број 12-6234/1 од 22.06.2022 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител на ден 22.06.2022 година поднесена е пријава за лицето ///, директор на /// при ///, и оформен е предмет број 12-6234/1 од 22.06.2022 година.

Во пријавата подносителот, без да посочи конкретни настани, дејствија и службени лица, изнесува општи наводи за повеќе злоупотреби кои биле сторени или допуштени од страна на директорот на /// ///, и тоа: клиентелизам, незаконско користење на службени возила, перење пари и неоснована исплата на патни трошоци, нередовно присуство на работа, неправилности при издавање на објекти под кирија, незаконско зголемување на плати и надоместоци по други основи, незаконско склучување на договори по различни основи.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се содржани општи наводи при што нема доволно податоци со кои истите би се конкретизирале а воедно нема можност ниту да се обезбедат дополнителни информации по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk